Мислење на СИЗ МК НЕТ во рамките на

**Работна група за обезбедување подобра координација на процесот на мапирање на територијата на Република Македонија со постоечки и планирани идни бродбенд електронски комуникациски мрежи.**

СТАВОВИ

А. Заради прецизно и реално планирање на предлозите и мерките за развој на бродбендот и мрежите од следната генерација неопходно е прецизно утврдување на сегашната состојба како реална и почетна.

Тоа подразбира брзо и точно мапирање на мрежите на сите иматели на инфраструктура, но и утврдување на останатите параметри и информации поврзани со сегашното ниво на сервисите кои се предуслов за дигиталната економија. Истовремено ова е појдовна состојба од која ќе произлезат и мерките и стратегијата за реализација на поставените цели од дигиталната агенда.
Ова се предуслови за поставување реални и остварливи планови за реализација на стратешката цел во 2020 и 2025 година.

Б.Да се прошири овластувањето на работната група (и/или да се формира дополнително друго тело-полошо решение) која ќе утврди ***состојба со легислативата*** и нејзино влијание на можностите за развој на мрежите и системите. Ова воопшто не е занемарливо прашање бидејќи досегашната пракса покажува дека постапките за добивање дозволи знаат да бидат премногу спори и комплицирани.

Во исто време се покажува дека ***капацитетите на геодетските и проектантски куќи*** се многу ограничени ( и скапи истовремено) што во услови на конкуренција пред Европските фондови може да биде сериозна кочница.
Неопходна е и координацијапреку ЗЕЛС заради моѓностите за вклучување на локалните самоуправи во поефикасно реализирање на инфраструктурните зафати

В. Во сето ова треба да се искористи моментот на дигиталниот самит во Скопје во Април како неповторлива можност за политички и деловни контакти и договори со преставници на ЕУ и Западниот Балкан.

ЗА СИЗ МК НЕТ Душко Сапунџиев